## Додаток XIII

# РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Весна-САП, Подружница Пробиштип**

**Барање за дозвола за усогласување**

**со оперативен план**

Додаток XIII

# Други планирани превентивни мерки

## СОДРЖИНА

Основа....................................................................................................3

1. Вовед....................................................................................................4

2. Обем....................................................................................................4

3. Престанок со работа....................................................................................................4

## *Основа*

Весна-САП ДОО, Скопје, подружница Пробиштип, поднесува барање за дозвола за усогласување со оперативен план до Министерството за животна средина и просторно планирање и според содржината на формуларот на барањето треба да достави информации за мерките за минимизирање на влијанијата врз животната средина од престанокот со работа, како и за доведување на локацијата во задоволителна состојба.

Информациите во овој извештај се уредени така да ги задоволат барањата на Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со процесот на поднесување барање за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, односно барање за дозвола за усогласување со оперативен план.

## 1. Вовед

Деталите за мерките кои се превземаат за минимизирање на влијанијата врз животната средина по престанок на работа на дел или целата инсталација, ќе бидат дадени во Планот за управување со резидуи, кој Весна-САП го подготвува. Овде се дадени основите на планот.

## 2. Обем

Инсталацијата на Весна-САП, Пробиштип, се состои од:

- Погон за рециклирање
- Погон за производство на акумулатори 1
- Погон за производство на акумулатори 2
- Постројка за прочистување отпадни води
- Котлара
- Станица за пропан-бутан
- Складови за суровини и готови производи
- Депонија за троска

Вкупната површина на локацијата е ha, од кои џџ се згради.

Во Табелите IV.1 и IV.2 и во додатокот V се наведени податоците за суровините, помошните материјали, отпадите, горивата, материјалите за хемиската лабораторија како и за количествата кои вообичаено се складирани на локацијата.

## 3. Престанок со работа

Не се правени проценки за тоа колкав би бил работниот век на овој погон. Меѓутоа, доколку настапат околности под кои ќе биде неопходно да се напушти локацијата, САП се обврзува да ги сведе на минимум влијанијата врз животната средина од своето работење. Тоа вклучува:

- Искористување на сите суровини. Тоа подразбира навремена најава на престанокот со активностите за да се овозможи еквивалентна залиха на материјали.

- Отстранување на било каква хемикалија или отпад складирани на локацијата. Секое масло, сретство за подмачкување или гориво кое ќе се затекне на локацијата во време на престанокот со работа ќе биде

отстрането или рециклирано преку соодветни овластени фирми.

- Процесната опрема ќе биде очистена, демонтирана и соодветно складирана до продажба или, ако не се најде купец, отстранета или рециклирана преку соодветни овластени фирми.
- Зградите ќе бидат темелно очистени пред напуштање.
- Локацијата и објектите на неа ќе бидат оставени во безбедна состојба и ќе се одржуваат соодветно ако се случи да бидат напуштени за подолг временски период.

## *4. Реставрација на локацијата*

Објектите кои се наоѓаат на локацијата можат да се пренаменат откако ќе биде извршена демонтажата на опремата и чистење на просториите според планот кој ќе го подготви Весна-САП.

Депонијата на троска ќе се покрие со слој глина, геомембрана и хумусен слој. Дебелините на слоевите ќе се определат според референтните документи за најдобри достапни техники.

Весна-САП ДОО ќе ангажира стручни лица ревитализација на таков вид локации и планот ќе го остави на одобрување во Министерството за животна средина и просторно планирање.